Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| **Седмица: 5 Час: 9**<br>**Датум:** | | | **Тема 1: Основи на користење компјутер и друга ИТ**<br>**Наставна единица: Работа со икони и прозорци** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 10 мин. | Да се оспособи за основни операции во оперативниот систем;<br><br>да ги совлада основните вештини при работа со икони и прозорци | **<u>Сите можат:</u>**<br>да препознаат датотека и папка на компјутерот | Повторуваме за активностите од минатиот час: Што е датотека? Што е папка? Што може да содржи папката? (датотеки и други папки).<br>Како се викаат сликите на работната околина? (икони). Го вклучувам компјутерот и поттикнувам дискусија од она што го гледаат: Зошто има различни слики на работната околина? (да ни укажат на содржината на документот). Најава на целта на часот. | З<br>метод на разговор | Компјутери<br><br>Учебник | Прашања<br>Одговори<br>Набљудување |
| 20 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да извршат разни операции со датотеките и папките | • Активности за манипулација со икони според инструкции зададени од наставникот.<br>- Учениците креираат нова папка на работната површина на која и даваат име Papka1. Потоа на работната површина креираат нов документ што го нарекуваат Vezba. Документот Vezba треба да се **премести** во Papka1. Им укажувам, пред да се направи било која активност со документот, се прави негово селектирање.<br>- Учениците креираат нови две папки на работната површина со име Papka2 и Papka3. Во Papka2 креираат нов документ што го нарекуваат Vezba2.<br>- Документот Vezba2 треба да се премести од Papka2 во Papka3.<br>- Датотеката Vezba2 треба да се **преименува** во Vezba3.<br>- Датотеката Vezba3 треба да се премести во ѓубрето.<br>**Заклучок**: Иконите можеме да ги отвориме, отсечеме, копираме, преименуваме и да ги избришеме, односно да ги преместиме во ѓубрето. | И<br>метод на работа со компјутер<br><br>З<br>метод на објаснување | | Набљудување<br><br>Дискусија |
| 10 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да ја објаснат постапката за извршување одредена операција | Датотеката Vezba3 која се наоѓа во ѓубрето, да се извади од него и да се објасни таа постапка. | И<br>метод на практична работа и објаснување | | Набљудување<br>Практична задача |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: повторување од минатиот час и најавување на целта на часот<br>Главен дел: индивидуална работа со икони и прозорци, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: пронаоѓање на локација на компјутер | | | Да вежбаат операции со датотеки и папки (копирај, премести, избриши, преименувај). | | | икони, прозорци, копирај, премести, избриши, преименувај |

obrazovanie.literatura.mk